Врз основа ан Член 28, став 1 од Законот за животната средина (Службен весник на РМ број 53/05, 24/07, 48/10 и 124/10) и Член 14, став 1 од Статутот на Универзитетот на Југоисточна Европа, Одборот на Универзитетот, на состанокот одржан на 07.06.2011 го усвои следниов:

**ПРАВИЛНИК ЗА ЗАШТИТА НА СРЕДИНАТА НА УНИВЕРЗИТЕТОТ**

*Член 1*

Универзитетот е посветен да биде еколошки, со одржливо користење на електричната енергија и промовирање на свесноста за еколошките прашања. Се очекува од кадарот, студентите и посетителите да придонесат за ова со намалување на употребата на електричната енергија и со почитување на средината на кампусот.

*Член 2*

Забрането е фрлање отпадоци од било каков вид вон соодветните инсталирани капацитети. Кадарот, студентите и посетителите мора да ги користат корпите за отпадоци кои се поставени за оваа цел.

Хартиите , пластиките и конзервите мора да се стават во означените контејнери за рециклирање.

*Член 3*

Забрането е газење на тревата и оштетување на сите дрва и растенија.

*Член 4*

Забрането е плукање на било кое место на Универзитетот.

*Член 5*

Забрането е оштетување на материјалните добра (во и надвор) кои се во сопственост на Универзитетот.

*Член 6*

Службата за обезбедување и одржување ќе го надгледува почитувањето на овој Правилник.

*Член 7*

Непочитувањето на овој Правилник ќе го забележат работниците во службата за обезбедување и одржување кои ќе издадат предупредување. За непочитувањата кои постојано се повторуваат ќе се информира канцеларијата за

човечки ресурси кои автоматски ќе ги казнат во зависност од направената штета и/или ќе преземат дисципилнски мерки.

*Член 8*

Овој Правилник стапува во сила на 01.09.2011 година.